# REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE BENEFITS OF ACCESSION TO THE BOLOGNA PROCESS

**Aleksandra Cibreva - Jovanovska**
MIT University - Skopje, Republic of Macedonia aleksandra.jovanovska@mit.edu.mk
**Liljana Pushova**
MIT University - Skopje, Republic of Macedonia liljana.pushova@mit.edu.mk
**Biljana Buzlevski**
MIT University - Skopje, Republic of Macedonia biljana.buzlevski@mit.edu.mk
**Aleksandar Dejanovski**
MIT University - Skopje, Republic of Macedonia aleksandar.dejanovski@mit.edu.mk

**Abstract:** In June 1999, the European Ministers of Education adopted the Bologna Declaration, which committed signatory countries to make reforms in the structure of higher education systems. Declaration aims were to create a "European Higher Education Area" (EHEA) as of 2010, and achieving three main objectives:

– international competitiveness;
– mobility;
– and readiness for employment.

By signing the Bologna Declaration at the ministerial meeting held in Berlin in September 2003, the Republic of Macedonia joined the Bologna process. The Bologna prosecc and the predicted reforms are focused on the harmonization of the higher education system in Europe, as well as on the transparency in the work of the higher education isntitutions, which is needed in order to increase the mobility of the students and the professors at the higher education insitutions. Additionally, of great importance is the need for a higher international competition of thehigher education institutions.

Every two years, the Ministers from the signaroty countries of the Bologna Declaration hold meetings to refer for the achievments made in the Bologna process and adopta a concluding document, in which the priorities for the next years are predicted.

The aim of the research in this paper is to see how respondents are familiar with the basic principles of the Bologna Declaration, as it is applied in the institutions where respondents work or study and how it contributes to improving the higher education system in the country. The increase and facilitation of the mobility of the perofessors/students is examined, as well as the facilitation of the educational process, as a whole.

**Keywords:** Bologna Declaration, a process of education, higher education institutions, the Republic of Macedonia.

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПРИДОБИВКИТЕ ОД ПРИСТАПУВАЊЕТО КОН БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС

**д-р Александра Цибрева - Јовановска**
МИТ Универзитет - Скопје, Република Македонија aleksandra.jovanovska @mit.edu.mk
**М-р Лилјана Пушова**
МИТ Универзитет - Скопје, Република Македонија liljana.pushova@mit.edu.mk
**д-р Билјана Бузлевски**
МИТ Универзитет - Скопје, Република Македонија biljana.buzlevski@mit.edu.mk
**д-р Александар Дејановски**
МИТ Универзитет - Скопје, Република Македонија aleksandar.dejanovski@mit.edu.mk

**Резиме:** Во јуни 1999 година, европските министри за образование ја усвоија Болоњската декларација, со која земјите потписнички се обврзаа да направат реформи во структурата на високо образовните системи. Декларацијата се стреми да создаде „Европски простор за високо образование“ (ЕНЕА) заклучно со 2010 година, и тоа остварувајќи три главни цели :

– меѓународна конкурентност,
– мобилност

– и подготвеност за вработување.

Со потпишување на Болоњската декларација, на министерската средба одржана во Берлин во септември 2003 година, Република Македонија се приклучи на Болоњскиот процес. Болоњската декларација и предвидените реформи се фокусираат на хармонизација на високото образование во Европа, како и на транспарентноста во работењето која е неопходна за да се зголеми мобилноста на студентите и на професорите. Големо внимание се посветува и на потребата високообразовните институции да постигнат што поголема меѓународна конкурентност.

Секои две години, министрите од земјите потписнички на Болоњската декларација, одржуваат состаноци на кои реферираат за достигнувањата во Болоњскиот процес и усвојуваат завршен документ во кој ги предвидуваат приоритетите за наредните години.

Целта на истражувањето во овој труд е да се согледа колку испитаниците се запознаени со основните начела на Болоњската декларација, колку таа се применува во институциите каде што испитаниците работат или студираат и колку истата допринесува за подобрување на високообразовниот систем во Република Македонија. Во истражувањето се испитани зголемувањето, односно олеснувањето на процесот на мобилност на студентите/професорите, како и олеснувањето на образовниот процес како целина.

**Клучни зборови:** Болоњска декларација, процес на образование, високообразовни институции, Република Македонија

## 1. ВОВЕД

Болоњската декларација и предвидените реформи се фокусираат на хармонизација на високото образование во Европа, како и на транспарентноста во работењето која е неопходна за да се зголеми мобилноста на студентите и на професорите. Големо внимание се посветува и на потребата високообразовните институции да постигнат што поголема меѓународна конкурентност, особено во поглед на американските универзитети. Декларацијата ја препознава и врската помеѓу образованието и процесот на вработување, сугерирајќи реформи кои би го зголемиле „пазарот на труд“ за дипломирани студенти. Со потпишување на Болоњската декларација, на министерската средба одржана во Берлин во септември 2003 година, Република Македонија се приклучи на Болоњскиот процес.

## 2. ЗАЕДНИЧКА ДЕКЛАРАЦИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ МИНИСТЕРСТВА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Важноста на образованието и образовната соработка за развојот и зајакнувањето на стабилни, мирољубиви и демократски општества универзално се признава како предност, особено во поглед на ситуацијата во Југоисточна Европа.

Сорбонската декларација од 25 мај 1998, која беше поткрепена од овие размислувања, ја истакна централната улога на Универзитетите во развојот на Европските културни димензии. Таа го нагласи создавањето на Европскиот простор за високо образование како клучен начин за промовирање на граѓанската мобилност и вработување, како и севкупниот развој на континентот.

Неколку европски земји ја прифатија поканата да се посветат на постигнување на целите утврдени во декларацијата, со потпишување на истата или, во принцип, со изразување согласност. Во меѓувреме, насоката во која беа лансирани неколку реформи во високото образование во Европа, кај многу влади ја докажа решителноста за делување.

Европските високообразовни институции, од своја страна, го прифатија предизвикот и заземаа главна улога во конструирањето на Европскиот простор за високо образование, како и во пресретот на основните принципи утврдени во Болоњската Magna Charta Universitatum од 1988. Ова е од најголема важност, со оглед на тоа што меѓузависноста и автономијата на Универзитетите обезбедуваат високото образование и истражувачките системи постојано да се прилагодуваат кон промените на потребите, барањата на општеството и напредокот во научното знаење.

Патот е поставен во вистинска насока и со значајна цел. Постигнувањето на поголема усогласеност и споредливост на системите на високо образование, сепак, бара постојана динамика, со цел потполно да се оствари. Ние треба да го поддржиме преку промоција на конкретни мерки за постигнување видливи чекори кон напред. На средбата од 18 јуни 1999 учествуваа авторитетни експерти и научници од сите наши земји и беа дадени многу корисни предлози во насока на иницијативите кои треба да се преземат.

Мораме посебно да се насочиме кон целта за зголемување на меѓународната конкурентност на Европскиот систем на високо образование. Виталноста и ефикасноста на било која цивилизација може да се

измери преку привлечноста која нејзината култура ја има за другите земји. Треба да се осигураме дека Европскиот високообразовен систем стекнува светски степен на привлечност кој е еднаков на нашите извонредни културни и научни традиции.

Заради афирмирање на нашата поддршка кон општите принципи утврдени со Сорбонската декларација, ги прифативме и воведовме целите за кои сметаме дека се од примарна важност за воспоставување на Европскиот простор за високо образование и промовирање на Европскиот високообразовен систем во светски рамки:[62]

- Усвоен е систем од лесно читливи и споредливи степени, истовремено преку имплементација на Додатокот на диплома, со цел да се промовира вработливоста на Европските граѓани и меѓународната конкурентност на Европскиот високообразовен систем
- Усвоен е систем суштински заснован на два главни циклуси, додипломски и постдипломски. Пристапот до вториот циклус бара успешно завршување на студиите од првиот циклус, со времетраење од минимум три години. Степенот доделен по првиот циклус, исто така, е релевантен за Европскиот пазар на труд како соодветно ниво на квалификација. Вториот циклус доведува до магистерски и/или докторски степен како во многу европски земји.
- Воспоставен е систем на кредити – како во ЕКТ системот – како соодветен начин за промовирање на најраспространетата студентска мобилност. Исто така, кредитите можат да бидат стекнати вон високообразовни контексти, вклучувајќи го доживотното учење, под услов да бидат признаени од засегнатите Универзитети – приматели.
- Промоција на мобилност преку Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност (ERASMUS+), со цел надминување на пречките кон ефективна примена на слободно движење со посебно внимание на:
  – за студенти, пристап кон можности за студирање и обука, како и други поврзани услуги
  – за професори, истражувачи и административен персонал, признавање и валоризација на периодите поминати во истражување, подучување и обука во Европски контекст, без повредување на нивните уставни права.
- Промоција на Европска соработка во обезбедувањето квалитет во насока на развивање споредливи критериуми и методологии.
- Промоција на неопходните Европски димензии во високото образование, особено во однос на развој на наставната програма, меѓуинституционална соработка, шеми за мобилност и интегрирани програми за студии, обука и истражување.

Република Македонија презема активности кон целосно исполнување на овие цели – во рамките на нашите институционални надлежности и со целосно почитување на различноста на културите, јазиците, националните образовни системи и Универзитетската автономија – да се консолидира Европскиот простор за високо образование. За таа цел, ќе ги користиме начините на меѓувладина соработка, вклучувајќи ги и оние невладини Европски организации компетентни за високото образование. Очекуваме универзитетите навремено и позитивно да одговорат и активно да придонесат кон успехот на нашиот стремеж.

## 3. БОЛОЊСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За образовните авторитети во Република Македонија потпишувањето на Болоњската декларација претставува и своевидна обврска за имплементација на клучните императиви на Болоњскиот процес и тоа:[63]

- воспоставување единствен Европски простор за високо образование,
- обезбедување мобилност на студентите и академскиот кадар и препознатливост на дипломи со користење на ЕКТС како универзална алатка,
- воведување трициклусни студии кои би се финализирале со споредливи дипломи дополнети со додаток на диплома,
- подигнување на нивото на квалитет на образовните услуги во академските инстутуции
- зајакнување на научно-истражувачката дејност како услов за унапредување на високообразовната дејност.

[62] https://momugra.wordpress.com/bolonjska-deklaracija/
[63] http://www.mas.bg.ac.rs/_media/upis/bolonjska-deklaracija.pdf

Секои две години, министрите од земјите потписнички на Болоњската декларација, одржуваат состаноци на кои реферираат за достигнувањата во Болоњскиот процес и усвојуваат завршен документ во кој ги предвидуваат приоритетите за наредните години.

Од потпишувањето на Болоњската декларација во 1999-та до денес, одржани се пет министерски средби и тоа во Прага – 2001, во Берлин – 2003, во Берген – 2005, во Лондон – 2007 и во Лор Денопор во 2009 година.

## 4. РЕЗУЛТАТИ ОД НАПРЕДОКОТ ВО РАЗВОЈОТ НА ВИСОКООБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ПО ПРИСТАПУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Осумнаесет години по потпишувањето на Болоњската декларација (во 1999) и четиринаесет години по пристапувањето на Република Македонија кон Болоњскиот процес (во 2003), се поставува прашањето: дали високото образование во Република Македонија станува дел од Европскиот простор на високо образование? Подеднакво важен е одговорот и на прашањето: дали во академскиот живот во Македонија се постигнуваат останатите императиви на Болоњската декларација?

Во меѓувреме, во македонското високо образование се случи масовна појава на приватни, како и создавање нови државни универзитети, што ја засили конкуренцијата меѓу академските институции. Последниве неколку години исто така, енормно (на фрапантни преку 80%) се зголеми опфатот на завршени средношколци во терциерното образование, а настана и своевидна рурализација на високото образование. Дали овие интервенции беа доволни да се верува дека високото образование е на добар пат да се “болоњизира“ или уште подобро, дали академскиот сектор во Република Македонија е на својот Европскиот пат?

Подеднакво важно, можеби и клучно е прашањето дали Болошската декларација продолжува да биде актуелна? Дали таа треба да остане на сила или земјите би требало да создадат некоја нова, модифицирана декларација поради неискористување на придобивките кои посоеја? Клучно е прашањето дали Болошската декларација во крајна линија придонесе за подигнување на целокупниот квалитет на образовните системи во земјите-потписнички.

Резултатите од истражувањето кое што ние го спроведовме, дадени во продолжение и поделени соодветно по области, се своевиден обид да се одговори на овие и слични прашања.

Во нашето истражување учество земаа 48 испитаници, студенти и наставници од високо образование. Беа поставени повеќе клучни прашања на кои беа дадени различни одговори. Некои од нив ќе ги обработиме детално.

На првото прашање, колку испитаниците знаат што значи Болоњската декларација, поголемиот дел од нив дадоа потврден одговор. Останатите дадоа негативен одговор и делумно биле запознаени со значењето на Болоњската декларација. Испитаниците во најголем дел (30 испитаници) одговорија дека ги познаваат основните начела на Болоњската декларација.

Графикон бр. 1: Познавање на основните начела на Болоњската декларација



На прашањето дали Болоњската декларација се применува во високообразовната институција во која испитаниците студираат, односно работат, исто така поголемиот дел од нив дадоа позитивен одговор.

Графикон бр.2: Примена на начелата на декларацијата во матичната институција




Мислењето на испитаниците се разликува кај прашањето „Дали Болоњската декларација придонесе за подобар восокообразовен систем?“. Скоро половина од нив (43.7%) дадоа негативен одговор, помал дел (25%) дадоа потврден одговор, а многу малку (4.8%) рекоа дека придобивките делумно се искористиле.

Графикон бр.3: Дали Болоњската декларација придонесе за подобар образовен систем?




Испитаниците на изјавата „Болоњскиот систем на студирање е подобар од претходниот начин на студирање“, покажаа дека мислат дека Болоњскиот систем не е подобар од претходниот начин на студирање (односно 50% изјавија дека воопшто или делумно не се согласуваат), 8% (само 6 испитаници) кажаа дека ниту се согласуваат, ниту не се согласуваат, додека пак 18 испитаници (37.5%) велат дека се согласуваат со изјавата. Ниту еден испитаник не одговори дека целосно се согласува со изјавата дека Болоњскиот систем е подобар од претходниот систем на образование.

Графикон бр.4: Болоњскиот систем на студирање е подобар од претходниот.




Кај изјавата „Болоњската декларација ја олеснува размената и мобилноста на студентите и наставниот кадар" поголемиот дел од испитаниците се согласија со оваа изјава - 62.5% од испитаниците целосно/делумно се согласуваат со изјавата. Како и да е, една третина од нив имаа негативно мислење.

Графикон бр. 5: Со Болоњската декларација размената/мобилноста на студентите и наставниците е олеснета




Во однос на прашањето дали Болоњската делкарација треба да претпри промени за да биде ефикасна и ефективна во модерното опкружување, 72.9% од испитаниците рекоа дека целосно/делумно се согласуваат. 8% немаат изразен став, односно ниту се согласуваат ниту не се согласуваат, а 1.8% не мислат дека декларацијата треба да претпри промени за да биде ефикасна.

Графикон бр.6: За да биде ефикасна и ефективна, Болоњската деларација треба да претпри промени




## 5. ЗАКЛУЧОК

Од погоре кажаното и од резултатите од истражувањето, можеме да заклучиме дека воведувањето на Болоњската декларација има доста големо значење, бидејќи со нејзината примена се направиле значајни промени со високообразовниот систем.

Со примената на Болоњската декларација се работи во помали групи, што овозможува посветеност кон сите студенти подеднакво, полесна комуникација со нив, размена на мислења, дообјаснување на нејасни работи и сл. Мобилноста и размената на студентите и наставниот кадар е овозможена токму со нејзино применување, за да можат тие позитивни искуства да се применуваат понатаму во матичната земја.

Воведувањето и примената на практичната настава овозможува создавање на квалитетни високостручни кадри кои понатаму ќе бидат барани не само во матичната земја од каде што се студентите, туку и во останатиот дел од светот.

Како и да е, за да биде ефикасна и ефективна, Болоњската декларација треба да претпри одредени промени, пред се поради тоа што трансферот на студентите од една во друга година премногу се олесни, па студентите без положени предмети од првата година на студирање, кои би требало да се база на понатамошното студирање, стигнуваат во последната година на студии. Болоњската декларација донесе придобивки во смисла на транспарентност на образовниот процес и оценување на знаењата, ја зголеми мобилноста на кадрите/студентите, го олесни трансферот на студенти меѓу различни земји и сл. Сепак, Болоњската декларација би требало да се приспособи и кон новите промени кои настанаа во областа на високото образование во земјите потписнички.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**

[1] Council of Europe. *European Higher Education Area. The Bologna Process.* Retrieved May 20, 2011.http://www.coe.int/t/dg4/highereducation/EHEA2010/BolognaPedestrians_en.asp (accessed on 3.5.2017)

[2] European Commission. (2010). *Focus on Higher Education in Europe 2010: The Impact of the Bologna Process.* Brussels: Education, Audiovisual and Culture Executive Agency (EACEA P9 Eurydice) (accesed on 28.4.2017)

[3] European Communities. (2015). *ECTS Users' Guide*. Brussels: European Communities (http://ec.europa.eu/dgs/education_culture/repository/education/library/publications/2015/ects-users-guide_en.pdf) (accessed on 29.4.2017)

[4] http://www.mas.bg.ac.rs/_media/upis/bolonjska-deklaracija.pdf (accessed on 3.5.2017)

[5] https://momugra.wordpress.com/bolonjska-deklaracija/ (accessed on 5.5.2017)